РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1542/2

02-09-2021 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на чл. 22 и чл. 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 12/19), а согласно со чл. 40 ст. 2 и чл. 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата и чл. 4 од Упатството за рангирање на предметите за постапување на Државната комисија за спречување на корупцијата по основ на доставени пријави, постапувајќи по предмет оформен по пријава добиена од познат подносител, на првото продолжение од 51-та седница одржана на 01.09.2021 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата на /// /// ///, адвокат од /// доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на која е оформен предмет со број 12-1542/1 од 12.04.2021 година, **СЕ ОТФРЛА.**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 12/19), Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека друг орган е надлежен да постапува по наводите од пријавата на подносителот.

Предметот со број 12-1542 од 2021 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот да се достави одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението во деперсонализирана форма, да се објави на нејзината веб страница во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### Образложение

Предметот со број 12-1542/1 од 12.04.2021 година во Државната комисија за спречување на корупцијата (во понатамошниот текст: ДКСК) е оформен врз основа на добиена пријава од /// /// ///, адвокат од /// (во понатамошниот текст: подносителот).

Во пријавата се изнесени наводи за коруптивно дејство од страна на службено лице – судија на /// /// /// /// ///, лицето /// /// кое, според наводите во пријавата, сторило злоупотреба на службена положба и овластувања кое постапувало по предмет заведен во судот под /// број ///

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

без истиот да го земе во работа преку електронскиот систем за управување со судските предмети. Се дава податок дека тој судски предмет бил земен на рака, како и дека посоченото службено лице постапувало по друг одвоен судски предмет во истиот суд заведен под /// број ///, каде што како пријавители се јавувале исти лица, а обвинето било истото лице. Се изнесува незадоволство од таквиот начин на работа, за што подносителот заклучува дека посоченото службено лице во пријавата така постапувало "за големи пари". Од ДКСК се бара да го преиспита овој случај согласно со нејзините законски надлежности. Во пријавата се доставени докази.

По проучувањето на наводите во пријавата, ДКСК утврди дека во конкретниот случај, подносителот изразува незадоволство од начинот на организација и работа на погоре посочениот суд за посочените судски предмети. Согласно со чл. 17 ст. 1 а. 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на Република Северна Македонија" број 58/00 ... 51/11): *"Министерството за правда ги врши работите што се однесуваат на: судството, јавното обвинителство, јавното правобранителство."*, па доколку подносителот смета дека организацијата и работата на судот за посочените судски предмети не е во согласност со законите, истиот може да се обрати до Министерството за правда да Република Северна Македонија, за надлежно постапување. Оттаму, ДКСК констатира дека друг орган е надлежен да постапува по наводите од пријавата на подносителот, согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 12/19), ДКСК нема законска надлежност да постапува по предметот, пријавата на подносителот да се отфрли и предметот да се затвори и да се архивира.

Имајќи го предвид погоре наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:

- Архивата на ДКСК
- Подносителот

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

Изработил: м-р Д. Д.
Одобрил: м-р Ш. С.